Совет на Општина Делчево
Број 09- 661/2
23.03.2020 година
Д е л ч е в о

# ЗАПИСНИК
## од одржаната 38.седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 23.03.2020 година (понеделник), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Билјана Ѓеоргиевска
12. Кристи Стојковски
13. Вице Стоиловски
14. Дијана Јосифовски

Оправдано отсутен беше Николчо Ситновски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 38.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

### Дневен ред

1.Предлог-Одлука за запирање исплата на надомест за присуство на седница на членовите на Советот на Општина Делчево;

Претседателот на Советот, Драган Маневски рече дека иако ова е редовна седница, сепак е свикана во вонредни услови, во услови на пандемија од Коронавирусот и потенцираше дека имајќи ја предвид целата ситуација со оваа пандемија ја свикал денешната седница со единствена точка на дневен ред, т.е. Донесување на Одлука за запирање исплата на надомест за присуство на седница на членовите на Советот на Општина Делчево. Тој им се заблагодари на сите членови на Советот кои се присутни на денешната седница и рече дека само заедно, солидарни и без политиканство и задни намери, може да јсеобеди кризата и со вакви и слични одлуки да се помогне на општината и на државата во справувањето со пандемијата.

Во продолежение тој рече дека со оваа одлука се запира исплатата на надоместокот за присуство на членовите на Советот на Општина Делчево за првите 2 наредни седници на Советот на Општина Делчево кои ќе бидат одржани.

Оваа Одлука се однесува на членовите на Советот кои имаат засновано работен однос на неопределено време и истата нема да се применува на членовите на Советот на Општина Делчево кои се невработени.Средствата ќе бидат уплатени на посебна сметка и истите ќе бидат искористени исклучиво за справување со кризата предизвикана од коронавирус COVID-19.

За потрошените средства и намената за која се потрошени Општина Делчево да достави Извештај до Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали може подетално да се образложи како, на кој начин и за што че бидат потрошени средствата од член 1 на одлуката.

Претседателот на Советот рече дека средствата ќе се уплатат на посебна сметка и истите ќе се трошат исклучиво за справување со пандемијата предизвикана од Коронавирусот и за потрошените средства ќе се достави извештај. Со нив, зависи по потребата, ќе се набавуваат средства за дезинфекција, маски, ракавици, храна на ранливи категории и слично. Тука е присутен и раководителот на секторот за финансиски прашања, тој подетално ќе ви каже како и на кој начин средствата ќе бидат уплатени на посебна сметка.

Шабан Багашов рече согласно член 3 од оваа Одлука, за нејзиното спроведување е задолжен Секторот за финансии. Тој истакна дека имал дилема дали да се оди со одлука за пренамена на средства од буџетот или со 1 ваква одлука со која средствата ќе се уплаќаат на посебна сметка. За да се одо си одлука за пренамена, пренамената законски е дозволена до 10% од предвидените средства во Буџетот. За надометок на членовите на Советот се предвидени 2,5 милиони денари, 10% од тие средства се 250.000 денари, 2 надоместока за 15 советници се повеќе од 250.000 денари и затоа се одлуќивме со одлука според која средствата че се уплатат на посебна сметка. Дополнително ќе се консултира со трезорската канцеларија околу сметката (дали наменска, посебна или донаторска).

Сашко Ивановски праша од кога ќе можат да се користат средствата бидејќи тоа е многу важно.

Шабан Багашов рече дека според одлуката средствата би требало да бидат префрлени на сметка од 2 седници, априлска и мајска.

Кирил Трენчевски рече дека нема потреба да се дискутира што,како и кога бидејќи во одлуката е наведено се како што треба. Средствата ќе се префрлат на посебна сметка и од таму ќе се трошат согласно потребите. Би сакал да го прашам координаторот на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ зошто на социјалните мрежи шират лаги и невистини дека се откажале од еден свој паушал кога таква одлука е на дневен ред токму денес, праша тој?

Сашко Ивановски рече дека неговото прашање е сосема во ред бидејќи во одлуката пишува се запира исплата на средства за 2 седници кои ќе се одржат во април и мај. Овие средства се од нашиот надоместок за 2 седници, а не од наш џеб и затоа е битно уште повеќе кога ќе бидат ставени на располагање бидејќи тие се потребни веднаш. Не гледам потреба од непотребни обвинувања или собирање политички поени, најлесно е да се донесе одлуката, битно е како и кога и за што ќе бидат потрошени средствата, рече С.Ивановски.

Д.Маневски рече дека во ова време на криза, не е во ред какво било политичко поентирање, бидејќи во моментов нашите граѓани и нашата држава имаат само еден непријател, а тоа е вирусот Ковид-19. Ние како Совет, како општествено одговорна институција, заедно, солидарни и без политиканство и задни намери, можеме да ја победиме кризата и со вакви и слични одлуки да помогнеме на нашата општина во справувањето со оваа криза. Апелирам да покажеме поголема лична и општествена одговорност, да се скратат дискусиите и да не се одвиваат во несакан правец затоа што оваа е одлука која треба сите да едногласно да ја донесеме. Општината има додволно средства и претпоставувам дека ќе биде изнајден начин средствата од нашите паушали да бидат ставени на располгање најбрзо што може. Никој од нас да не се сомнева дека ќе бидат трошени ненаменски или дека ќе бидат злоупотребени. Општината има за исплата надоместок на членовите на Советот за 2-3 седници и тоа е една од можностите како да се изведе сето тоа, рече тој.

Сашко Ивановски рече дека доколку тој сака да донира лични средства, нема потреба и обврска да бара согласност од Советот на општината и тоа е јасно. Моите прашања во врска со оваа одлука се конструктивни и се во функција на изнаоѓање најдобар механизам за нивното трошење, нивната намена.

Кирил Тренчевски рече дека во одлуката има став во кој се вели дека за потрошените средства

Општината е должна да достави извештај до членовите на Советот.

Дејан Георгиевски рече дека би било добро еден надоместок да биде пуштен овој месец, а другиот наредниот месец.

Славица Димитрова имаше 2 предлога за трошењето на средствата. Имено, таа предложи средствата да се наменат за набавка на хуманитарни пакети на социјално ранливи категории, т.е. корисници на социјална помош ( предлог 1- набавка на брашно, зејтин, прашок за перење)и предлог 2- набавка на средства за дезинфекција). Таа предложи нејзините предлзи да се стават на гласање.

Претседателот на Советот рече дека не може предлозите да се стават на гласање бидејќи на дневен ред е одлуката. Што се однесува до предлозите како да се трошат, тоа може да се направи преку комисиите на Советот, рече тој.

Влатко Величковски рече дека непотребно се дискутира за нешто што едногласно треба да биде донесено и дека никој не треба даима сомнеж за тоа како и за што ќе се потрошат тие средства. Во општинатата има Кризен штаб со кој раководи Градоначалникот, а во кој членуваат сите релевантни чинители во општината и тие имаат план како и што е најпотребно да се направи или набави. Исто така, во одлуката има член во кој се вели дека Општината секако треба да достави извештај за потрошените средства и затоа предлагам да се заврши со непотребните дискусии.

Сашко Ивановски предложи „Предлог-акционен план за хуманитарната акција на советниците од Советот на Општина Делчево“, кој се состои од неколку чекори и тоа:отварање на потсметка за донација,формирање на Комисија од советници кои ќе направат набавка на потребни артикли и средства, формирање на тимови од советници за дистрибуција на хуманитарните средства до целни групи, формирање на комисија која ќе изготви детален извештај за набавката и дистрибуцијата на средствата, објавување на извештајот на интернет страницата на Општината,Заедничка прес-конференција на советниците, увид во набавката (транспарентност и отчетност).

Влатко Величковски реплицираше на С.Ивановски во смисла дека сега воопшто не е моментот советниците да се на терен и да дистрибуираат хуманирани пакети до населението. Постои Кризен штаб, прогласена е вонредна состојба и Кризниот штаб е тој кој ќе ги води сите активности.

С.Ивановски рече дека тие како членови на Советот не се во тој штаб и немаат увид во неговата работа и мерките кои ги преземаат и дека ВМРО – ДПМНЕ како партија никогаш не биле против ваквите одлуки, барањето е да имаме член од опозицијата во Кризниот штаб, со цел да имаме увид во неговата работа.

Драган Маневски рече дека во Кризниот штаб ќе бидат вклучени и претставниците на Советот преку координаторите на двете советнички групи.

Бидејќи никој друг не се јавиваше за збор, расправата бепе затворена, а точката беше ставена на гласање.

Едногласно, со 14 гласа "ЗА" Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за запирање исплата на надомест за присуство на седница на членовите на Советот на Општина Делчево.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,